**СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО 2017 - 2022**

**Трет квартален мониторинг бриф**

Период: март 2019-мај 2019

## 1. Закон за кривична постапка

**Стратешка насока:** 5.1.2 Правично постапување со зајакнување на правата на одбрана и заштита на човековите права во кривичната постапка

**Мерки:** 5.1.2-1 Изготвување на Закон за изменување и дополнување на ЗКП заради:

1. Хармонизирање со новодонесените директиви на ЕУ поврзани со правото на толкување и преведување во кривичната постапка, правото на информирање во кривичната постапка, заштитата на личните податоци во рамките на соработката во казнените предмети, за стандардите за правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривичните дела;

2.Разгледување и дополнување на веќе подготвените измени и дополнувања на ЗКП заради надминување на невоедначеното толкување и невоедначена практична примена на некои одредби;

3.Прецизирање на одредбите во однос на определувањето, продолжувањето и укинувањето на мерката притвор;

4. Прецизирање на одредбите за спогодувањето за кривична санкција

**Рок на постапување:** Ноември 2017 – Јули 2018

**Планирани и спроведени активности:**

| Планирани активности: | Планиран рок за спроведување: | Спроведени активности: |
|---|---|---|
| Формирање работна група од судии, јавни обвинители, НП, СЈО, претставници од МВР, адвокати, академска заедница | **1. Ноември 2017** | Работната група е формирана |
| 2 Анализа на европското законодавство во оваа област | **2. Декември 2017** | Не е спроведено. |
| 3. Одржување на јавни расправи и дебати | **3. Февруари 2018** | Не е спроведено |
| 4. Изготвување и доставување на предлог Закон до Влада на РМ. | **4. Февруари 2018** | Не е спроведено. |
| 5. Усвоени Предлог закони од страна на Владата на РМ | **5.Април 2018** | Не е спроведено |

| | | |
|---|---|---|
| 6. Донесен закон од Собранието на РМ | **6. Мај 2018** | Не е спроведено |
| 7. Редовни обуки заради правилно толкување и имплементација на законот | **7. Јули 2018** | Не е спроведено |

Во текот на извештајниот период, нема напредок во процесот на донесување на нов Закон за кривичната постапка. На објавениот текст на Нацрт-предлог закон за кривичната постапка на ЕНЕР во текот на ноември 2018 година беа доставени коментари од страна на Македонското здружение на млади правници и Коалиција „ Сите за правично судење“[1], кои што беа разгледани на последната работна средба на Комисијата која работи на измени и дополнувања на овој закон, на ден 11.05.2019г.

**<u>2. Закон за јавно обвинителство</u>**

**Стратешка насока:** **4.1.3.1** Усогласување на Законот за јавното обвинителство со Законот за кривична постапка

**Мерка:** **4.1.3.1 -1** Донесување на нов Закон за јавното обвинителство

**Рок на постапување: февруари 2018 – септември 2018**

**Планирани и спроведени активности:**

| **Планирани активности:** | **Планиран рок за спроведување:** | **Спроведени активности:** |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група со вклучување на јавни обвинители, претставници од СЈОРМ, Здружение на јавни обвинители, академска јавност, НП, судии и адвокати. | 1. Февруари 2018 | Не е спроведено.<br>Со Решение за формирање на работна група за изготвување на законите од казнено-правната област согласно Стратегијата за реформа во правосудниот сектор и имплементирање на механизмот за надворешна контрола, бр. 23-3992/1 од 01.11.2017г., кое подоцна е дополнето со Решение бр. 23-992/2, а изготвени од страна на Министерот за правда, формирана е работна група. |
| 2. Компаративна анализа и разгледување на можните законски решенија | 2. Април 2018 | Не е спроведено. |
| 3. Подготовка на нацрт закон | 3 Мај 2018 | Не е спроведено. |

[1] Коментари на Нацрт-предлог Законот за кривичната постапка - https://ener.gov.mk/default.aspx?

| | | |
|---|---|---|
| 4. Запознавање на јавноста со предложеното законско решение (објава на ЕНЕР и јавна расправа) | 4. Јуни 2018 | На 04.12.2018 поставен на ЕНЕР Нацрт предлог закон за ЈО, а на 05.12.2018 беше поставен Нацрт предлог закон за СЈО ( како два посебни закони). |
| 5. Доставување на предлог Закон до Влада на РМ. | 5. Јуни 2018 | Не е спроведено. |
| 6. Усвоени Предлог закон од страна на Владата на РМ | 6. Јули 2018 | Предлог-Закон за Јавно обвинителство со решение за СЈО усвоен на 124 Владина седница (05.03.2019). Усвоениот Предлог Закон за ЈО со инкорпорирано СЈО во него,како решение е сосема поразлично од тоа што до тогаш било дискутирано во работната група и од она што беше во Декември 2018 објавено на ЕНЕР.. |
| 7. Донесен закон од  Собранието на РМ | 7. Септември 2018 | Не е спроведено. |

**Стратешка насока: 4.1.3.8 Оптимизација на структурата на Јавното обвинителство**

**Мерка:** **4.1.3.8-1** 1. Сеопфатна анализа за структурата на ЈО на територијата на РМ во корелација со анализата за организацијата на судската мрежа.

2. Донесување на нов закон за јавно обвинителство со цел структурата на ЈО да ја следи судската организациона поставеност.

**Рок на постапување: февруари 2018 – септември 2018**

**Планирани и спроведени активности:**

| **Планирани активности:** | **Планиран рок за спроведување:** | **Спроведени активности:** |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група со вклучување на јавни обвинители, судии, академска заедница, граѓански сектор и експерти од ЕУ. | 1. Февруари 2018 | Со Решение за формирање на работна група за изготвување на законите од казнено-правната област согласно Стратегијата за реформа во правосудниот сектор и имплементирање на механизмот за надворешна контрола, бр. 23-3992/1 од 01.11.2017г., кое подоцна е дополнето со Решение бр. 23-992/2, а изготвени од страна на Министерот за правда, формирана е работна група |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Подготовка на нацрт закон | 2. Април 2018 | Не е спроведено. |
| 3. Запознавање на јавноста со предложеното законско решение (објава на ЕНЕР и јавна расправа) | 3 Мај 2018 | На 04.12.2018 поставен на ЕНЕР Нацрт предлог закон за ЈО, а на 05.12.2018 беше поставен Нацрт предлог закон за СЈО ( како два посебни закони). |
| 4. Доставување на предлог Закон до Влада на РМ. | 4. Јуни 2018 | Не е спроведено. |
| 5. Усвоени Предлог закон од страна на Владата на РМ | 5. Јуни 2018 | Предлог-Закон за Јавно обвинителство со решение за СЈО усвоен на 124 Владина седница (05.03.2019). Усвоениот Предлог Закон за ЈО со инкорпорирано СЈО во него,како решение е сосема поразлично од тоа што до тогаш било дискутирано во работната група и од она што беше во Декември 2018 објавено на ЕНЕР. |
| 6. Донесен закон од Собранието на РМ | 6. Јули-Септември 2018 | Не е спроведено. |

**Стратешка насока: 4.1.3.9 Редефинирање на правниот статус на СЈО во посебно јавно обвинителство со автономна надлежност, во рамките на ЈО, за цела територија на РМ, со седиште во Скопје и проширување на надлежноста со гонење на кривични дела од висок профил на корупција**

**Мерка:** **4.1.3.9-1** Донесување на нов Закон за јавно обвинителство

**Рок на постапување: февруари 2018 – септември 2018**

**Планирани и спроведени активности:**

| **Планирани активности:** | **Планиран рок за спроведување:** | **Спроведени активности:** |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група вклучување на јавни обвинители, претставници од СЈОРМ, Здружение на јавни обвинители, академска јавност, ГС, НП, судии и адвокати. | 1. Февруари 2018 | Со Решение за формирање на работна група за изготвување на законите од казнено-правната област согласно Стратегијата за реформа во правосудниот сектор и имплементирање на механизмот за надворешна контрола, бр. 23-3992/1 од 01.11.2017г., кое подоцна е дополнето со Решение бр. 23-992/2, а изготвени од страна на Министерот |

| | | |
|---|---|---|
| | | за правда, формирана е работна група |
| 2. Компаративна анализа и разгледување на можните законски решенија | 2. Април 2018 | Не е спроведено. |
| 3. Подготовка на нацрт закон | 3. Мај 2018 | Не е спроведено. |
| 4. Запознавање на јавноста со предложеното законско решение (објава на ЕНЕР и јавна расправа) | 4. Јуни 2018 | На 04.12.2018 поставен на ЕНЕР Нацрт предлог закон за ЈО, а на 05.12.2018 беше поставен Нацрт предлог закон за СЈО ( како два посебни закони). |
| 5. Доставување на предлог Закон до Влада на РМ. | 5. Јуни 2018 | Не е спроведено. |
| 6. Усвоени Предлог закон од страна на Владата на РМ | 6. Јули 2018 | Предлог-Закон за Јавно обвинителство со решение за СЈО усвоен на 124 Владина седница (05.03.2019). Усвоениот Предлог Закон за ЈО со инкорпорирано СЈО во него,како решение е сосема поразлично од тоа што до тогаш било дискутирано во работната група и од она што беше во Декември 2018 објавено на ЕНЕР. |
| 7. Донесен закон од Собранието на РМ | 6. Септември 2018 | Не е спроведено. |

На 05.03.2019 година на 124 седница на Влада, беше усвоен Предлог закон за јавно обвинителство со сосема различна содржина од оние две решенија на кои работеше работната група и кои беа презентирани пред Советот за следење на реформите во правосудството, каде што членуваат граѓански организации. Поради нетранспарентноста на процесот, отсуството на консултации и вклученост на граѓанските организации и стручната јавност при усвојување на овој предлог закон, од страна на група организации кои се дел од Блупринт групата на организации со фокус на работа на следење на правосудните реформи поднесоа барање до Владата на РСМ за повлекување на законот. По барањето, Владата на РСМ го задолжи Министерството за правда да изготви известување во врска со барањето на граѓанските организации.

Организациите од Блупринт групата, доставија одговор до Министерството за правда, после кој одговор од министерката добија покана за состанок во врска со изнесените забелешки и препораки за предлог Законот за јавно обвинителство.

На овој состанок, кој се одржа на 16.05.2019, претставниците на **БЛУПРИНТ групата за реформи во правосудството** разговараа со Министерката за правда и претставници од министерството разговараа за имплементација на предлозите и коментарите на организациите во однос на Предлог- Законот за Јавното обвинителство.

Дадените коментари од БЛУПРИНТ групата беа прифатливи за претставниците на Министерството за правда, и се очекува да бидат имплементирани во финалниот текст. Со оглед пак на специфичноста на членовите 32, 34 и 105 од Предлог-Законот за Јавното обвинителство, а со цел постигнување на што поефикасно решение и градење на цврст систем на правда, БЛУПРИНТ групата, на покана на Министерката за правда, изработи и достави документ со предлог измени на конкретните членови.

Предложените измени и коментари на членовите 32, 34 и 105, кои се однесуваат пред сè на надлежностите на Специјалното јавно обвинителство и Основното јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани со организиран криминал и корупција, нивно јасно разграничување, временските ограничувања, истражните и пред-истражните постапки со цел сузбивање на можностите за висок криминал итн. ќе обезбедат многу повисоко ниво на почитување на фундаменталните права и принципот на владеење на правото. На долг рок тоа ќе доведе до враќање на довербата во судството и подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани приближувајќи ја земјата кон членство во ЕУ.

јавниот обвинител на СЈО, но и на останатите обвинители кои аплицираат за работа таму. Во моментов во СЈО немаат предвидено во интерните акти и правилници за оценување на нивната работа-ниту за Специјалниот јавен обвинител (која логично би ја оценувал Јавниот обвинител на РСМ или Советот на јавни обвинители (дополнително имајќи предвид дека еден извештај негативно помина на Советот)) ниту на помошниците обвинители во СЈО (постоечкиот кадар) бидејќи Специјалниот јавен обвинител, пред која што одговара постоечкиот кадар на јавни обвинители, досега нема спроведено процес на евалуација и оценување на нејзините обвинители. Во прилог на овој извештај ќе биде и поднесениот предлог за уредување на овие членови.

## 3. Кривичен законик

**Стратешка насока:** **5.1.1.** Кодификација на вон кривични прописи во Кривичниот законик и негово усогласување со европските и меѓународните стандарди

**Мерка:** **5.1.1 -1** Изготвување нов Кривичен законик

**Рок на постапување: јануари 2018 – октомври 2018**

**Планирани и спроведени активности:**

| Планирани активности: | Планиран рок за спроведување: | Спроведени активности: |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група со вклучување на јавни обвинители, претставници од СЈОРМ, Здружение на јавни обвинители, академска јавност, ГС, НП, судии и адвокати. | 1.Јануари 2018 | Не е спроведено. |
| 2. Компаративна анализа и разгледување на можните законски решенија | 2. Јануари - Април 2018 | Не е спроведено. |
| 3. Подготовка на нацрт закон | 3 Април - Мај 2018 | Не е спроведено. |

| | | |
|---|---|---|
| 4. Доставување на предлог Закон до Влада на РМ. | 4. Јуни 2018 | Не е спроведено. |
| 5. Усвоени Предлог закон од страна на Владата на РМ | 5. Јули 2018 | Не е спроведено. |
| 6. Донесен закон од Собранието на РМ | 6. Октомври 2018 | Не е спроведено. |

Покрај измените и дополнувањата на Кривичниот законик кои беа усвоени по скратена постапка на 28.12.2018 година, сè уште не е изготвен целосно нов Кривичен законик согласно Стратегијата.

**<u>4. Закон за изменување и дополнување на законот за академија за судии и јавни обвинители</u>**

**Стратешка насока:** 2.2.7 Нови законски критериуми за состав на органите на управување и раководење на АСЈО

**Мерки:** 2.2.7-1 Законски измени во Законот за АСЈО заради отстранување на формални критериуми кои претставуваат пречка за ефикасно функционирање на Академијата.

**Рок на постапување:** ноември 2017 – јануари 2018

**Планирани и спроведени активности:**

| Планирани активности: | Планиран рок за спроведување: | Спроведени активности: |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група за подготовка на измени и дополнувања на Законот за АСЈО | **1. Ноември 2017** | Работната група за подготовка на измени и дополнувања на Законот за АСЈО баше формирана во ноември 2017 |
| 2 Подготовка на нацрт закон | **2. Декември 2017** | Работната група го заврши нацрт законот за АСЈО |
| 3. Запознавање на јавноста со предложеното законски решение (објава на ЕНЕР) | **3. Декември 2017** | Законот беше објавен на ЕНЕР во јануари 2018 година. |
| 4. Доставување на предлог Закон до Влада на РМ. | **4. Декември 2017** | Предлог законот беше доставен до Владата на РМ во јули 2018 година. |
| 5. Усвоени Предлог закони од страна на Владата на РМ | **5. Декември 2017** | Владата го усвои предлог законот во јули 2018 година и го достави до Собранието на РМ. |
| 6. Донесени закони од Собранието на РМ | **6. Јануари 2018** | Предлог измените беа во Собраниска процедура во јули 2018 година. Законот беше донесен на 29.08.2018 година. |
| **Имплементација на законот**<br>Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители на 28 ноември 2018 година ја одржа 138-та седница која беше јавна со предлог-дневен ред од пет точки. Една од тие точки | | |

на дневниот ред е и именување на директор и заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Скопје.[2] На оваа седница се донесе одлука со која Наташа Габер Дамјановска беше избрана за директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Скопје.[3]На огласот за позицијата директор на АСЈО беа пријавени 4 кандидати. На оваа седница не е избран заменик-директор на АСЈО. За позицијата заменик – директор имаше само една пријава, но членовите на Управниот одбор заклучија дека кандидатот не исполнува еден од предвидените услови, односно не доставил документ за неосудуваност. Сè уште Управниот одбор на АСЈО не објавил нов оглас за избор на заменик-директор на АСЈО.
Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје, на седницата одржана на 09.05.2019 година, донесе одлука за објавување јавен оглас за прием на 60 слушатели на новата, VII генерација на почетна обука (согласно Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018).[4]

**Подготовка на Закон за измена и дополнување на Законот за академијата за судии и јавни обвинители**
На 8 февруари 2019 година беше формирана работна група во рамки на Министерството за правда за подготовка на нов Закон за Академија за судии и јавни обвинители. Работната група е составена од 10 членови меѓу кои Директорката на АСЈО, претставници од Министерството за правда, судии, јавни обвинители и претставници на граѓанските организации. Подготовката на овие предлог измени има за цел да ги отстрани пречките со кои се соочува АСЈО, како и да се имплементираат препораките од Оценската мисија на ТАИЕКС за обука на судии и јавни обвинители.[5] На ЕНЕР е објавено известување за овој нацрт-предлог закон на 6 мај 2019 година, додека нацрт Предлог законот за Академијата за судии и јавни обвинители е објавен на 12 мај 2019 година. [6]Најголеми новини во однос на постојното решение се предвидуваат во делот на полагањето на приемниот испит на кандидати на почетна обука, оценувањето за времетраењето на почетната обука, како и во делот на завршниот испит. Друга новина е дека со нацрт-предлог законот се предвидува дека стекнување статус слушател на почетна обука, на лицата кои биле вработени на неопределено работно време работниот однос им мирува до завршување на Академијата и се враќаат на работа онаму каде му мирувал работниот однос до изборот за судија или јавен обвинител.[7] Согласно преодните и завршни одредби на нацрт – предлогот за Законот за Академија за судии и јавни обвинители, приемниот испит на новата генерацијата слушатели од 2019 година ќе се спроведува согласно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018), а обуката ќе се спроведува согласно овој закон.[8] Со нацрт – предлог законот се зголемува времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор на Академијата, согласно препораките на оценската мисија на ТАИЕКС. Во преодните одредби на нацрт – предлог законот е наведено дека Директорот, членовите на Управниот одбор и Програмскиот совет на Академијата именувани согласно со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018), ќе ги извршуваат надлежностите

[2] Види повеќе на: http://www.jpacademy.gov.mk/novosti/------------------------28-11-2018-
[3] Види повеќе на http://www.jpacademy.gov.mk/novosti/10945
[4] Јаниот оглас е достапен на: http://www.jpacademy.gov.mk/upload/Pocetna%202019/Javen%20oglas.pdf
[5] Временската рамка на мисијата е од 23 април до 26 април 2018 година.
[6] На енер е објавено известување за претходните измени на Законот за академија за судии и јавни обвинители кои стапија во сила во септември 2018 година. Преземено на 15.03.2015 година: https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_ann_detail&itemid=6RdFDx8qFJNPjTgWxNh7lw==
[7] Член 54, став 4 од Нацрт – Предлог Законот за Академија за судии и јавни обвинители.
[8] Член 78, став 2 од Нацрт – Предлог Законот за Академија за судии и јавни обвинители.

| |
|---|
| до завршување на мандатот за кој се избрани. Останатите тела на Академијата ќе се изберат според овој закон најмногу во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила.[9] |

**5. Закон за судовите**

**Стратешки насоки:** **2.2.3** Редефинирање на критериумите за унапредување на судијата и јавниот обвинител

2.2.10 Редефинирање на критериумите за избор на судија-поротник и зголемување на надоместокот предвиден за нивната работа.

2.3.6 Кодекс за судска етика како законска категорија

4.1.1.1 Оптимизација на судската мрежа

4.1.1.2 Специјализација на судиите

4.1.1.3 Специјализација на судиите

**Мерка:** **2.4.6.-1** Донесување на: Закон за јавните обвинители Закон за Советот на ЈО Закон за судовите, Закон за Судскиот совет на РМ во правец на воведување на критериуми за унапредување кои ќе бидат во корелација со судискиот/обвинителскиот стаж, тежината, видот и комплексноста на предметите, професионалното оценување.

2.2.10 -1 Воведување на јасни критериуми за избор на судија поротник, како и зголемување на надоместот предвиден за нивната работа.

2.3.6 – 1 1. Воведување на законски основ за донесување на Кодекс за судска етика

4.1.1.1 – 1 Анализа за судската мрежа и бројот на судови во Република Македонија со цел оптимизација на бројот на судови преку измени на Законот за судовите

4.1.1.2 – 1 Законско регулирање на критериумите за подготовка на Годишниот распоред за работа на судиите согласно соодносот на тежината на предметот со судискиот стаж и искуство

4.1.1.3 -1 Законски основи и ограничувања за вонредно менување на Годишниот распоред за работа на судиите во текот на годината

4.1.1.3 -2 Законски услови за специјализирани судии за постапување по предмети на СЈО и областа на меѓународна соработка

**Рок на постапување:** Февруари 2018 – Септември 2018 (Февруари 2019)

| **Планирани активности:** | **Планиран рок за спроведување:** | **Спроведени активности:** |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група за изработка на Законот за судовите | **1. Февруари 2018** | Работната група за подготовка на Законот за судовите и Законот за судски совет е формирана во |

[9] Член 76 од Нацрт – Предлог Законот за Академија за судии и јавни обвинители.

| | | |
|---|---|---|
| со вклучување на стручна, академска јавност и ГС. | | септември 2017 година. Во работната група се вклучени претставници на стручната фела од Здружението на судии, Врховниот суд на РМ, Судскиот совет на РМ, претставници на академската заедница и граѓански организации. |
| 2. Користење на компаративни анализи | **2. Април 2018** | Во текот на целокупната подготовка на законот беа користени компаративни анализи во однос на најдобрите практики од Хрватска, Словенија, Црна Гора и Германија. |
| 3 Подготовка на нацрт закон | **3. Мај 2018** | Работната група го заврши првиот нацрт на измените во октомври 2018 година. По објавувањето на текстот на ЕНЕР и јавните дебати Работната група повторно одржа состанок, за вградување на релевантните коментари.<br>Во декември 2018 година Министертсвото за правда направиа анализа на судската мрежа со цел оптимизација на бројот на судови. Оваа анализа е презентирана на 10 седница на Советот за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор на 6 февруари 2019 година. [10]Во насока на оптимизација на судската мрежа, најавена е подетална анализа за секој суд поединечно. |
| 4. Запознавање на јавноста со предложеното законски решение (објава на ЕНЕР) и јавна расправа | **4. Јуни 2018** | Предлог измените беа објавени на ЕНЕР на 9.11.2018 година. Беше организирана јавна дебата за предлог измените на Законот за судови и Законот за судски совет организирана од Минситерство за правда, ОБСЕ и Здружението на судии на 8 и 9 ноември 2018 година. На јавната расправа учествуваа голем број на засегнати страни. |
| 5. Доставување на предлог Закон до Владата | **5. Јуни 2018** | декември 2018 година. |
| 6. Усвоени Предлог закони од страна на Владата | **6. Јули 2018 (февруари 2019 година, согласно Планот 18)** | декември 2018 година. |
| 7. Донесени закони од Собранието | **7. Септември 2018 (февруари 2019 година,** | **4 март 2019 година.** Измените на Законот за судови целосно ги имплементираат препораките на |

[10] Види повеќе на: http://www.pravda.gov.mk/vest/2941

| | | |
|---|---|---|
| | **согласно Планот 18)** | Венецијанската комисија. Предлог измени на овој закон беа одобрени од Венецијанската комисија во декември 2018 година.<br>Со предлог измените се врши преименувања на називот на Основниот суд Скопје I Скопје и Основниот суд Скопје II Скопје во Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје; се проширува надлежноста на судовите со основна надлежност да постапуваат по предмети од меѓународна правна пмош; повторно се сменети основите за одговорност на судиите, согласно препораките на Венецијанската комисија; се предвидува надлежност на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија да донесе етички Кодекс за судиите и судиите поротници; променети се критериумите за избор и унапредување на судиите; сменети се критериумите за избор на судии, единствена точка за влез во судството ќе биде АСЈО (освен за поранешен судија на меѓународен суд); се предвидува можност и судија избран за подрачјето на еден основен или апелационен суд по истек на определен број години непрекинат судиски стаж во односниот суд да може да биде избран за подрачјето на друг основен односно апелационен суд (фактичко преместување); предвидено е судии со стаж до 2 години да судат полесни предмети; се предвидува можноста судија во меѓународен суд да може да биде судија во сите истанци на судството доколку ги исполнува општите услови за избор на судија; се воведуваат дополнителни гаранции за судиите со цел јакнење на судската независност; Измените на член 7, ставот 3 ги вбројуваат основните судови во Кичево, Кавадарци и Гевгелија во редот на судови со проширена надлежност. За овие измени во Собранието на Република Северна Македонија беа доставени вкупно 22 амандмани, од кои 2 амандмани беа повлечени, 12 |

| | | |
|---|---|---|
| | | амандмани не беа усвоени, додека усвоени се 8 амандмани. Со амандманот 7 кој е усвоен, основните судови во Гевгелија, Кавадарци и Кичево добиваат проширена надлежност од 1 јануари 2020 година.[11] |
| 8. Потпишување на указот за прогласување на законот | **Мај 2019 година** | Указот за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите беше потпишан од Претседателот на државата Стево пендаровски на 17 мај 2019 година. Измените на Законот за судовите влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на<br>Република Македонија". Додека, основните судови во Гевгелија, Кавадарци и Кичево добиваат проширена надлежност од 1 јануари 2020 година. Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите е објавен во Службен весник на РСМ бр.96/19 од 17 мај 2019 година. |
| Имплементација на Законот | | Не е следена имплементацијата во извештајниот период. |
| Забелешка: Во оваа табела се разгледуваат третиот сет на измени на законот на судови. Сè уште не е донесен целосен нов Закон за судовите. | | |
| Транспарентност* Во работната група за подготовка на измените се вклучени претставници на стручната фела од Здружението на судии, Врховниот суд на РМ, Судскиот совет на РМ, претставници на академската заедница и граѓански организации. Дополнително предлози за измена на законските решенија беа доставени и од судиите преку подружниците на Здружението на судии. Законот е објавен на ЕНЕР на 09.11.2018 година. Беше организирана јавна дебата за предлог измените на Законот за судови и Законот за судски совет организирана од Минситерство за правда, ОБСЕ и Здружението на судии на 8 и 9 ноември 2018 година. На јавната расправа учествуваа голем број на засегнати страни. | | |

## 6. Закон за Судскиот совет на РМ:

**Стратешки насоки:**

2.1.2. Членовите на Судскиот совет потребно е да се избираат од редот на најискусните судии
2.1.3. Законско прецизирање на условот „истакнат правник"
2.2.2. Ревидирање на критериумите за оценување на судиите
2.2.3. Ревидирање на критериумите за оценување на судиите
2.3.1. Законски критериуми и постапка за утврдување индивидуална одговорност на членовите на Судскиот совет
2.5.1. Јакнеење на транспарентноста на Судскиот совет

[11] Види повеќе на: file:///C:/Users/Iva%20EPI/Downloads/dopolnet_predlog_na_zakon_za_izmenuvanje_i_dopolnuvanje_na_zakonot_za_sudovite%20(1).pdf

4.1.2.1 Обезбедување и гарантирање на независноста , професионалноста и одговорноста на членовите на Судскиот совет

**Мерки:** 2.1.2-1. Законско прецизирање така што изборот да се врши со исполнет услов најмалку судија на апелациски суд
2.1.3-1. Законско прецизирање со критериум за должина на работно искуство, материјата со која професионално се занимавале, стекнити сертификати, награди, објавени стручни трудови и сл.
2.2.3-1. Измени со цел воведување одредби за воведување објективни критериуми кои се во корелација со судскиот стаж, видот и комплексноста на предметите, професионалното оценување
2.2.3-2. Задолжително образложување и јавно објавување на одлуките на Судскиот совет за унапредување на судиите (рок: шест месеци по усвојување на законот)
2.3.1-1. Воведување законски одредби за основите и постапката за утврдување индивидуална одговорност на членовите на Судскиот совет
2.5.1-1. Воведување јасни критериуми, правила и процедури за јавност на седниците на Судскиот совет
2.5.1-2. Јавно објавување на сите одлуки за избор, унапредување, разрешување, утврдување дисциплинска одговорност на судии од страна на Судскиот совет почитувајќи ги одредбите за доверливост
4.1.2.1 – 1 Унапредување на критериумите за избор на членовите на Судскиот совет од редот на најискусните судии кои најмалку го исполнуваат условот за вршење функција судија во апелационите судови
4.1.2.1 – 2 Одземање на правото на глас на претседателот на Врховниот суд во работењето на Судскиот совет
4.1.2.1 – 3 Депрофесионализација на членовите на Судскиот совет од редот на судиите и останатите членови со исклучок на Претседателот на Судскиот совет.

**Рок на постапување:** Февруари – Септември 2018 (во План 18 рокот е Февруари 2019)

**Планирани и спроведени активности:**

| Планирани активности: | Планиран рок за спроведување: | Спроведени активности: |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група за подготовка на измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет | **1. Февруари 2018** | Работната група, која беше формирана уште во септември 2017 година за подготовка на сите измени и дополнувања, продолжи со работа. Во работната група се вклучени претставници на стручната фела од Здружението на судии, Врховниот суд, Судскиот совет, претставници на академската заедница и граѓански организации. |
| 2 Подготовка на нацрт закон | **2. Април 2018** | Работната група имаше изработено прв нацрт закон по однос на овие стратешки насоки (освен 2.3.1.) во јануари 2018, но унапредена верзија по добиените први забелешки од Венецијанската комисија |

| | | |
|---|---|---|
| | | (вклучувајќи ги сите стратешки насоки) беше изработена во октомври 2018. Во оваа верзија речиси сите мерки наведени пред оваа табела се предвидени како законски измени.<br>Измените главно се фокусираат на: допрецизирање на одредбите за постапката за утврдување одговорност на судија, критериумите за избор на судија во повисок суд како и нивното оценување/вреднување, воведување основи и постапка за индивидуална одговорност на членовите на Судскиот совет, но нема законски измени во однос на планираната и долго дебатирана мерка: депрофесионализација на работата на Судскиот совет.<br>Забележително беше тоа што на ЕНЕР системот беше објавен текст на Закон за измени и дополнувања на Законот за судскиот совет, а во средината на месец декември 2018 година до Собранието од Владата беше доставен потполно нов текст на нов Предлог-Закон за Судскиот совет кој во меѓувреме беше доставен на Венецијанска комисија за уште едно мислење. По објавување на мислењето од Венецијанската комисија на 18-ти март 2019 година, во Предлог текстот препораките се главно имплеметирани од Венецијанската комисија.[12] (види подолу во овој извештај за понатамошниот тек на постапката). |
| 3. Запознавање на јавноста со предложеното законски решение (објава на ЕНЕР и јавна расправа) | **3. Мај 2018** | На ЕНЕР системот беше објавен текст на Закон за измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет, а потоа во декември до Собранието беше доставен потполно нов текст, нов предлог закон насловен како Предлог-Закон за Судскиот совет. |
| 4. Доставување на предлог Закон до Влада на РМ. | **4. Јуни 2018** | Почеток на декември 2018 година |
| 5. Усвоени Предлог закони од страна на Владата на РМ | **5. Јули 2018 (јануари 2019 година,** | 11.12.2018 година. |

[12] Подетално види на http://ihr.org.mk/index.php

| | | |
|---|---|---|
| | **согласно Планот 18)** | |
| 6. Донесени закони од Собранието на РМ | **6. Септември 2018 (февруари 2019 година, согласно Планот 18)** | Изгласан на пленарна седница на 4-ти април 2019 година, но на 6-ти мај 2019 е доставено известување од претходниот Претседател на државата дека нема да го потпише. Поради тоа овој нов Предлог-Закон за Судскиот совет на РСМ (дополнет со имплементирани препораки од Мислењето на Венецијанската комисија бр.947/2019 донесено на 18-ти март 2019 година), во трето читање беше изгласан неодамна на пленарна седница на Собранието од 16-ти мај 2019 година. Се чека да биде потпишан од новиот Претседател на државата, да се објави во Службен весник и да стапи во сила до крајот на мај 2019 година. |
| Имплементација на законските измени | | Делумно спроведено. Ќе се следи континуирано во наредниот период откако ќе стапат во сила и последниот сет измени кои значат носење нов закон, а до тогаш ја следиме имплементацијата на измените кои се донесени во мај 2018 година. Има подобрување од аспект на транспарентност на Судскиот совет (иако не е целосна), но сѐ уште се видни јасни проблеми во однос на неговата отчетност и ефективност. |

**7. Закон за Советот на јавните обвинители**

**Стратешки насоки:**

2.1.2. Членовите на Советот на јавните обвинители потребно е да се избираат од редот на најискусните јавни обвинители
2.1.3. Законско прецизирање на условот „истакнат правник“
2.2.2. Ревидирање на критериумите за оценување на јавните обвинители
2.2.3. Ревидирање на критериумите за унапредување на јавните обвинители
2.3.1. Законски критериуми и постапка за утврдување индивидуална одговорност на членовите на Советот на јавните обвинители.
2.5.1. Јакнеење на транспарентноста на Советот на јавните обвинители
4.1.4.2 Зголемување на транспарентноста на Советот на јавните обвинители

**Мерки:**

2.1.2-1. Законско прецизирање така што изборот да се врши со исполнет услов најмалку јавен обвинител во вишо обвинителство
2.1.3-1. Законско прецизирање на условот „истакнат правник“ со критериум за должина на работно искуство, материјата со која

професионално се занимавале, стекнити сертификати, награди, објавени стручни трудови и сл.
2.2.3-1. Измени со цел воведување одредби за воведување објективни критериуми кои се во корелација со јавнообвинителскиот стаж, видот и комплексноста на предметите, професионалното оценување
2.2.3-2. Задолжително образложување и јавно објавување на одлуките на Советот на јавните обвинители за унапредување на јавните обвинители (рок: шест месеци по усвојување на законот)
2.3.1-1. Воведување законски одредби за основите и постапката за утврдување индивидуална одговорност на члeновите на Советот на јавните обвинители
2.5.1-1. Воведување јасни критериуми, правила и процедури за јавност на седниците на Советот на јавните обвинители
2.5.1-2. Јавно објавување на сите одлуки за избор, унапредување, разрешување, утврдување дисциплинска одговорност на јавни обвинители од Советот на јавните обвинители почитувајќи ги одредбите за доверливост
4.1.4.1 – 1 Депрофесионализација на членовите на Советот на јавните обвинители

**Рок на постапување:** Февруари – Септември 2018 (Февруари 2019)

**Планирани и спроведени активности:**

| **Планирани активности:** | **Планиран рок за спроведување:** | **Спроведени активности:** |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група за подготовка на измени и дополнувања на Законот за Советот на јавните обвинители | **1. Февруари 2018** | Работната група, која беше формирана уште во текот на ноември 2017 година за подготовка на измени и дополнувања на овој Закон, работеше на неговите измени во текот на 2018 година. Во работната групата имаше претставници на различни засегнати страни, но немаше вклучени претставници од граѓанските организации (**ИЧП веќе две години ја мониторира работата на Советот на јавните обвинители, а сепак не диби покана да биде дел од работната група**). |
| 2 Подготовка на нацрт закон | **2. Април 2018** | Работната група изработи нацрт закон по однос на дел од стратешките насоки, но иститот без никакво известување, ниту запознавање на јавноста, ниту пак организирање на некоја јавна дебата, кон крајот на ноември 2018 година беше објавен на ЕНЕР системот (кој има очигледен проблем во хронологијата на објави на законски измени).<br>Измените главно се фокусираат на: зголемување на транспарентноста на |

| | | |
|---|---|---|
| | | овој орган, воведување основи и постапка за индивидуална одговорност на членовите на Советот на јавните обвинители, но нема законски измени во однос на планираната и дебатирана мерка: депрофесионализација на работата на Советот на јавните обвинители.<br>Забележително беше што на 5-ти март 2019 година до Собранието од Владата беше доставен Предлог-Закон за измени и дополнувања на Законот за Советот на јавните обвинители, и тоа во скратена постапка, а кој што во моментов е во Собраниска процедура. |
| 3. Запознавање на јавноста со предложеното законски решение (објава на ЕНЕР и јавна расправа) | **3. Мај 2018** | На ЕНЕР системот беше објавен текст на Закон за измени и дополнувања на Законот за Советот на јавните обвинители на 29.11.2018 година, а потоа на 5-ти март 2019 година беше доставен до Собранието. |
| 4. Доставување на предлог Закон до Влада | **4. Јуни 2018** | Крај на декември 2018 година |
| 5. Усвоени Предлог закони од страна на Владата | **5. Јули 2018 (ноември 2018 година, согласно План 18)** | Февруари 2019 година |
| 6. Донесени закони од Собранието | **6. Септември 2018 (декември 2018 година, согласно План 18)** | **Не е спроведено.** Доставен е Предлог-Законот за измени и дополнувања на Законот за Советот на јавните обвинители **на 5-ти март 2019 до Собранието во скратена постапка и оттогаш законодавната процедура нема поместување.** |
| Имплементација на законските измени | | **Не е спроведено.** Ќе се следи континуирано во наредниот период откако ќе се разгледуваат и гласаат предложените измени на законскиот текст во скратена постапка. Предложените измени главно ги следат и во голем дел се истоветни со измените кои се пропишани во регулативата за Судскиот совет. Единствено во овие измени не се предвидуваат измени, ниту прецизирања на одредбите кои се однесуваат на оценувањето на јавните обвинители, а кое е релевантно и за нивната работа и за нивното унапредување. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Инаку има мало подобрување во однос на транспарентноста во рабтењето на Советот на јавните обвинители бидејќи има нова веб страница. Сепак во наредниот период ќе биде потребно нејзино поажурно раководење и објавување соодветни материјали. |

## 8. Закон за адвокатура

**Стратешка насока:** 2.2.5 Воведување на законска обврска за континуирана обука на адвокатите

**Мерки:** 2.2.5-1 Измена на Законот за адвокатура со цел воведување на континуирана обука за адвокатите, организирана од страна на Адвокатска комора со законски утврден фонд на часови на годишно ниво.

2.2.5-2 Креирање на Програма и методологија за реализација на задолжителна континуиранаобука за адвокатите од страна на АКРМ.

**Рок на постапување:**Април – Септември 2018

**Планирани и спроведени активности:**

| Планирани активности: | Планиран рок за спроведување: | Спроведени активности: |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група за подготовка на измени и дополнувања на Законот за адвокатура | **1. Април 2018** | Работната група за подготовка на измени и дополнувања на Законот за адвокатура баше формирана во април 2018 |
| 2 Подготовка на нацрт закон | **2. Мај 2018** | Работната група сеуште нема изработено нацрт закон |
| 3. Запознавање на јавноста со предложеното законски решение (објава на ЕНЕР и јавна расправа) | **3. Мај 2018** | Не е спроведено |
| 4. Доставување на предлог Закон до Влада на РМ. | **4. Мај 2018** | Не е спроведено |
| 5. Усвоени Предлог закони од страна на Владата на РМ | **5. Јуни 2018** | Не е спроведено |
| 6. Донесени закони од Собранието на РМ | **6. Септември 2018** | Не е спроведено |
| Креирање на Програма и методологија за реализација на задолжителна континуиранаобука за адвокатите од страна на АКРМ. | **Три месеци по донесувањето на Законот** | Не е спроведено |

## 9. Закон за бесплатна правна помош

**Стратешка насока:** 2.6.1 Ефективен, ефикасен и одржлив систем за БПП преку Донесување на нов Закон за бесплатна правна помош

**Мерка:** 2.6.1.1-1 Донесување на нов Закон за БПП согласно ЕУ стандардите со кој ќе се зајакне системот на претходна правна помош преку: проширување на опсегот на корисници на БПП, јакнење на капацитетите на подрачните одделенија на МП, проширување на областите за овозможена БПП со

исклучок на кривичната сфера, оптимизација на адвокатските трошоци за БПП и надзор врз квалитетот на адвокатите и на здруженијата кои овозможуваат БПП

| **Планирани активности:** | **Планиран рок:** | **Спроведени активности:** |
|---|---|---|
| 1. Формирана работна група за изготвување на Закон за бесплатна правна помош со учество на сите засегнати страни | 1. Завршено | Работната група која работеше на предлог текст за нов Закон за бесплатна правна помош беше формирана во октомври 2016 година. Во работната група учествуваа претставници од сите засегнати страни (Министерства за правда, труд и социјална политика, внатрешни работи, АКРМ, судство и овластени здруженија за бесплатна правна помош. Работната група одржа девет состаноци. |
| 2. Подготовка на нацрт закони | 2. Завршено | Работната група изработи нацрт предлог закон во октомври 2017. |
| 3. Запознавање на јавноста со предложеното законско решение (објава на ЕНЕР и јавна расправа) | 3. Ноември | Предлог законот беше објавен на ЕНЕР на 29.11.2017. |
| 4. Доставување на предлог Закон до Влада на РМ. | 4. Декември 2017 | Предлог законот беше доставен до Владата на РМ во јануари 2018 година. |
| 5. Усвоени Предлог закони од страна на Владата на РМ | 5. Февруари 2018 | Владата го усвои предлог законот во февруари 2018 година и го достави до Собранието на РМ. |
| 6. Донесени закони од Собранието на РМ | 6. Април 2018 | Поради одредени недостатоци во предлог законот група граѓански организации достави барање за јавна расправа во однос на поднесениот закон. На јавната расправа која се одржа во март 2018 се укажа на проблемот со несоодветно уредената претходна правна помош, рестриткивноста во однос на правните прашања за кои може да се одобри бесплатна правна помош како и во однос на постапката за одобрување. АКРМ особено реагираше на предложениот модел за исплата на наградата на адвокатите ангажирани во случаи во кои е одобрена БПП. Поради реакциите МП го повлече предлог законот и го врати на доработка.<br>По осум месеци Министерството започна нов процес за ПВР на 12.11.2018.<br>Нацрт-законот беше доставен до Владата на РСМ и усвоен на седницата одржана на 124тата седница на владата во март 2019.<br>Законот беше доставен до Собранието во март но поради претседателските избори беше ставен на дневен ред на 91вата седница на Собранието и беше изгласан на 16.5.2019. Законот беше објавен во Службен весник бр. 101 од 22.5.2019. |
| 7. Подготовка и носење на подзаконски акти | 7. Три месеци по донесувањето на законот | Предмет на следење во следниот мониторинг бриф. |

## 10. Закон за извршување

**Стратешка насока:** 2.6.3.1 Јакнење на професионалните капацитети на извршителите, поедноставување на извршувањето, намалувањена трошоците на извршувањето, соодветно конципирање на испитот заизвршители и начинот на негово полагање

**Мерка:** **2.6.3.1-1** Измена на Законот за извршување за јакнење на професионалните капацитети на извршителите, поедноставено извршување, намалување на трошоците наизвршувањетое, соодветно конципирање наиспитот за извршители и начинот на неговото полагање

**2.6.3.1-2** Изработка на подзаконските акти кои ќе произлезат од законските измени со цел операционализација на законските решенија

| **Планирани активности:** | **Планиран рок:** | **Спроведени активности:** |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група за подготовка на Законот за извршување, со учество на претставници од АКРМ, НКРМ, КИРМ, НП, Стопанските комори и научна јавност | 1. Завршено | Работната група која работеше на предлог текст на измените беше формирана во август 2017 година. Во работната група учествуваа претставници од наведените засегнати страни |
| 2. Подготовка на нацрт закони | 2. Октомври 2017 | Работната група изработи нацрт предлог закон во октомври 2017. Со предлог законот се прави обид да се адресираат следниве проблеми:<br>1. Променетиот режим на намирување на трошоците во постапката за извршување, со обврската за доверителот да ги авансира цената за администрирање, првичниот налог за извршување и реалните трошоци, за секое поединечно дејствие, значително дополнително ги оптовариле деловните субјекти кои претходно ја користеле можноста од Тарифата доверителот и извршителот да се договорат да го одложат плаќањето на цената на извршните дејствија до завршување на извршувањето, освен за реалните трошоци кои произлегуваат од извршните дејствија, што обезбедува флексибилност и приспособување кон интересите на доверителите, но и на извршителите во насока на постигнување на поголема ефикасност во постапката на присилно извршување.<br>2. Ретроактивната примена на законот во однос на обврската за авансирање на трошоците од страна на доверителот поведени според Законот за извршување од 2005 година, на штета на доверителите и целите на извршувањето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3. Задолжителната вонсудска наплата на долговите по основ на веродостојните исправи за обврски од комунални услуги во проширено значење, оневозможувајќи ги доверителите да бараат намирување на своите побарувања во соодветните постапки, со што значително се оптоваруваа деловните субјекти опфатени со оваа обврска.<br>4. Неможноста, компаниите како доверители да ги наплатат своите побарувања спрема Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија, поради околноста што покрај предметите и правата и паричните средства на нивните сметки кај сите носители на платниот промет се изземааат од извршување, како предмети и права кои се неопходни за вршење на дејноста, со што практично се оневозможуваат деловните субјекти во постапка на присилно извршување да си ги наплатат побарувањата кои ги имаат кон овие институции.<br>5. Висината на трошоците на извршувањето во целина, заради што се бара ревизија на Тарифата, но и на одредбите за проценките на недвижностите кои екстремно го поскапуваат извршувањето.<br>6. Проблемите во извршувањето врз недвижности за кои укажа Здружението на банкарството уште во 2016 година по однос на преземање на извршни дејствија над недвижен имот кој останал со незапишани сопственички права, спроведување на извршувањето над недвижен имот опишан во лист за предбелешки на градба, кои останале нерегулирани со одредбите на новиот Закон за извршување. Воедно реагираа и по однос на укинатата трета јавна продажба на недвижности, укажувајќи дека на тој начин се намалува процентот на успешни јавни наддавања и се оштетуваат како доверителот, така и должникот |
| 3. Вградување на релевантните мислења и укажувања, за квалитетот и трошоците на извршувањето доставени од бизнис заедницата. | 3. Октомври 2017 | Делумно спроведено во рамки на работата на работната група. |
| 4. Запознавање на јавноста со предложенотозаконско решение (објава на ЕНЕР и јавна расправа) | 4. Ноември 2017 | Нацрт законот беше објавен навремено во ноември 2017 година. Објавата на законот поттикна значителна дебата помеѓу стручната јавност што се огледа во значителниот број на коментари и предлози објавени на ЕНЕР. |
| 5. Доставување на предлог Закон до Влада на РМ. | 5. Ноември 2017 | Предлог законот беше доставен во септември 2018 до Владата на РМ со значително одолговлекување поради |

| | | |
|---|---|---|
| | | потребата од соодветно спроведување на консултатицен процес со засегнатите страни. |
| 6. Усвојување на Предлог законот од Владата на РМ | 6. Декември 2017 | Владата го усвои предлог законот во септември 2018 |
| 7. Донесување на законот од Собранието на РМ | 7. Февруари 2018 | Законот беше доставен до Собранието веднаш по донесувањето од страна на Владата. На 5-ти ноември 2019 беше одржана јавна расправа во Собранието на РМ. Законот беше донесен на 18 декември 2018, 10 месеци по истекот на рокот. |

## 11. Закон за нотаријат

**Стратешка насока:** **2.6.4.1** Јакнење на професионалните капацитети на нотаријатот и зголемување на ефикасноста од нивната работа.

**Мерка:** 2.6.4.1 – 1 Измена на законот за нотаријат за редефинирање на нотарски акт, поедноставено постапување, зголемување нефикасноста, намалување на трошоците, поедноставена постапка за именување и конципирање на испитот за нотари

| **Планирани активности:** | **Планиран рок:** | **Спроведени активности:** |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група за подготовка на Законот за нотаријат со учество на претставници од АКРМ, НКРМ, КИРМ, НП, Стопанските комори и научна јавност | 1. Завршено | Работната група која работеше на предлог текст на измените беше формирана во август 2017 година. Во работната група учествуваа претставници од наведените засегнати страни |
| 2. Подготовка на нацрт закони | 2. Октомври 2017 | Работната група изработи нацрт предлог закон во октомври 2017. Со предлог законот се прави обид да се адресираат следниве проблеми: Сложена и неспроведлива постапка за спроведување на конкурс за именување на нотари и полагање на квалификационен испит, испит за рангирање, испит за заменик-нотар, испит за помошник-нотар, испит за нотарски стручен соработник и испит за проверка на знаењата на нотарите - Скапа и неефикасна оставинска постапка, како и нееокономични постапки за потврдување на приватни исправи и предлози за издавање на решенија за нотарски платни налози. |
| 3. Вградување на релевантните мислења и укажувања, за квалитетот и трошоците на | 3. Октомври 2017 | Делумно спроведено во рамки на работата на работната група. |

| | | |
|---|---|---|
| извршувањето доставени од бизнис заедницата. | | |
| 4. Запознавање на јавноста со предложеното законско решение (објава на ЕНЕР и јавна расправа) | 4. Ноември 2017 | Нацрт законот беше објавен навремено во ноември 2017 година. Објавата на законот поттикна значителна дебата помеѓу стручната јавност што се огледа во значителниот број на коментари и предлози објавени на ЕНЕР. |
| 5. Доставување на предлог Закон до Влада на РМ. | 5. Ноември 2017 | Предлог законот беше доставен во септември 2018 до Владата на РМ со значително одолговлекување поради потребата од соодветно спроведување на консултатицен процес со засегнатите страни. |
| 6. Усвојување на Предлог законот од Владата на РМ | 6. Декември 2017 | Владата го усвои предлог законот во септември 2018 |
| 7. Донесување на законот од Собранието на РМ | 7. Февруари 2018 | Законот беше доставен до Собранието веднаш по донесувањето од страна на Владата. На 6-ти ноември 2019 беше одржана јавна расправа во Собранието на РМ. Законот беше донесен на 18 декември 2018, 10 месеци по истекот на рокот. |

## 12. Реформа на стручните испити

**Стратешка цел:** **2.2 Квалитет**

**Стратешка насока:** **2.2.4** Укинување на електронско полагање на стручните испити и воведување на усно и писмено полагање на кандидатите пред стручни комисии, врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на нивните знаења

**Мерка:** **2.2.4-1** Донесување законски решенија со кои електронското полагање на испитите ќе биде заменето со устен испит и писмена вежба „студии на случај“ пред Комисија

| **Планирани активности:** | **Планиран рок:** | **Статус на спроведувањето на активностите:** |
|---|---|---|
| 1. Формирање работни групи за Законот за нотаријатот, Законот за извршување, Законот за правосудниот испит, Закон за медијација, Закон за вештачење, Закон за процена | ЗН и ЗИ Септември 2017<br><br>ЗПИ, ЗП, ЗВ и ЗМ Декември 2017 | **ЗН и ЗИ**<br>Работната група која работеше на предлог текст на измените на овие два закони беше формирана во август 2017 година (еден месец пред истекот на рокот). Во работната група учествуваа претставници од наведените засегнати страни<br><br>**ЗПИ**<br>Во февруари 2019 година ( со задоцнување од повеќе од една година од планираниот |

| | | |
|---|---|---|
| | | рок) Министерството за правда формираше работна група за изготвување на предлог тескт за нов Закон за правосуден испит. Во работната група учествуваат претставници од судството, обвинителството, адвокатурата како и претставници од граѓанскиот сектор.<br><br>ЗП<br>Работна група за измена на Законот за проценка не е формирана<br><br>ЗВ<br>Не е спроведена<br><br>ЗМ<br>Работната група за измена на Законот за медијација е формирана во Мај 2018 и во неа учествуваат претставници на повеќе засегнати страни. |
| 2. Подготовка на нацрт-закон | ЗН и ЗИ<br>Октомври 2017<br><br>ЗПИ, ЗП, ЗВ и ЗМ<br>Февруари 2018 | **ЗН и ЗИ**<br>Работните групи ги изработија нацрт предлозите за овие два законите во октомври 2017 во рамки на рокот воспоставен со акцискиот план. Во двата нацрт предлози покрај останатите промени се укина електронското полагање на стручните испити и се замени со полагање на испит кој има писмен и устен дел.<br><br>**ЗПИ**<br>Работната група во март изработи предлогот текст за нацрт-закон за правосудниот испит.<br><br>**ЗП**<br>Не е започнат процес за измена или донесување нов Закон за процена.<br><br>ЗВ<br>Не е спроведена<br><br>**ЗМ**<br>Текст за нацрт законот беше изработен и објавен во октомври 2018. Со нацрт законот се укинува електронското полагање на испитот за медијатори и се воспоставува испит во кој има теоретски практичен дел. |
| 3. Запознавање на јавноста со предложеното законско решение (објава на ЕНЕР и јавна<br>расправа) | ЗН и ЗИ<br>Ноември 2017<br><br>ЗПИ, ЗП, ЗВ и ЗМ<br>Март 2018 | **ЗН и ЗИ**<br>Нацрт законите беа објавени навремено во ноември 2017 година. Објавата на законот поттикна значителна дебата помеѓу стручната јавност што се огледа во значителниот број на коментари и предлози објавени на ЕНЕР.<br><br>**ЗПИ** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Нацрт-законот беше објавен на ЕНЕР на 5.4.2019.<br><br>**ЗП**<br>Не е започнат процес за измена или донесување нов Закон за процена.<br><br>ЗВ<br>Не е спроведена<br><br>**ЗМ**<br>Текст за нацрт законот беше изработен и објавен на ЕНЕР во октомври 2018 (осум месеци по рокот воспоставен со акцискиот план). |
| 4. Доставување предлог-закон до Влада на РМ. | ЗН и ЗИ<br>Ноември 2017<br><br>ЗПИ, ЗП, ЗВ и ЗМ<br>Мај 2018 | **ЗН и ЗИ**<br>Предлог законите беа доставени во септември **2018** до Владата на РМ со значително одолговлекување поради потребата од соодветно спроведување на консултатицен процес со засегнатите страни.<br><br>**ЗПИ**<br>Нацрт законот за правосудниот испит не е доставен до Владата на РСМ.<br><br>**ЗП**<br>Не е започнат процес за измена или донесување нов Закон за процена.<br><br>ЗВ<br>Не е спроведена<br><br>**ЗМ**<br>Ми треба информација дали Законот за медијација е доставен до влада? |
| 5. Усвоени предлог-закони од страна на Владата на РМ | ЗН и ЗИ<br>Декември 2017<br><br>ЗПИ, ЗП, ЗВ и ЗМ<br>Јуни 2018 | **ЗН и ЗИ**<br>Владата ги усвои предлог законите во септември 2018<br><br>**ЗПИ**<br>Н/А<br><br>**ЗП**<br>Не е започнат процес за измена или донесување нов Закон за процена.<br><br>ЗВ<br>Не е спроведена<br><br>**ЗМ**<br>Не е усвоен предлог-закон за Медијација. |
| 6. Донесени закони од Собранието на РМ | ЗН и ЗИ<br>Февруари 2018 | ЗН и ЗИ<br>Законите беа доставени до Собранието веднаш по донесувањето од страна на Владата. На 5-ти и |

| | | |
|---|---|---|
| | ЗПИ, ЗП, ЗВ и ЗМ Септември 2018 | 6-ти ноември 2018 беа одржани јавни расправи за предложените закони. Собранието ги донесе законите на седницата одржана на 18 декември 2018, 10 месеци по планираниот рок. Со законите се укинува електронското полагање на професионалните испити и се воспоставува писмено и усно полагање.<br><br>**ЗПИ**<br>Н/А<br><br>**ЗП**<br>Не е започнат процес за измена или донесување нов Закон за процена.<br><br>ЗВ<br>Не е спроведена<br><br>**ЗМ**<br>Не е донесен предлог-закон за Медијација. |
| 7. Изготвување подзаконски акти и нова Програма за спроведување на испитите. | Два месеци од донесувањето на законите | **ЗН и ЗИ**<br>Министерството за правда во февруари 2019, во планираниот рок донесе Програма за содржина на полагање на нотарскиот испит, Правилник за полагање на нотарскиот испит и Правилник за програмата и начинот на организирањето и полагањето на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители.<br><br>За останатите закони оваа активност не е реализирана. |

## 13. Закон за управните спорови

**Стратешка цел:** **2.2 Квалитет**

**Стратешка насока:** **5.2.4 Обезбедување извршност на пресудите во управен спор**

**Мерка:** 5.2.4.-1 Нов Закон за управните спорови со кој ќе се предвидат санкции за службените лица во јавните органи кои при повторно решавање на предмет вратен од Управниот суд не ја извршиле пресудата на Судот и не одлучиле согласно напатствијата на Судот

**Рок на постапување: Септември 2018**

| Планирани активности: | Планиран рок: | Статус на спроведувањето на активностите: |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група за подготовка<br>на Законот за управните спорови со учество на претставници од Управниот суд, Вишиот | Завршено | Работната група која работеше на предлог текст на на Законот за управните спорови беше формирана во мај 2017 година. Во работната група учествуваа претставници од наведените засегнати страни. |

| | | |
|---|---|---|
| управен суд, Апелацискиот суд Скопје, МИОА, Управен инспекторат, невладин сектор и научна јавност | | |
| 2. Подготовка на нацрт Закон за управните Спорови | Мај 2018 година | Работната група изработи нацрт Закон за управните спорови во периодот мај/јули 2018 година. Со предлог законот се прави обид да се адресираат следниве проблеми: зголемување на ефективноста и ефективноста на Управниот суд, решавање на ефикасноста и целисходноста на Вишиот управен суд и пренесување на надлежноста во Врховниот суд на Република Северна Македонија, воспоставување на модел постапка и модел одлука за решавање на истородни и репетитивни управни спорови. |
| 3. Вградување на релевантните мислења и препораки произлезени Функционалната анализа на управните судови изработена во рамките на Проектот „Подобрување на ефикасноста и ефективноста на системот на административна правда во Македонија" финансирана од Фондот за добро владеење на Владата на Обединетото Кралство | Април 2018 година | Целосно спроведено во рамки на работата на работната група (3 Октомври 2017) |
| 4. Финализирање на Предлог Законот за управните спорови | Мај 2018 година | Предлогот е усогласен со наодите и препораките на Извештајот на оценската мисија за административна правда на Европската комисија (14 Ноември 2018 година) |
| 5. Запознавање на јавноста со предложеното законско решение (објава на ЕНЕР) | Јуни 2018 година | Нацрт Законот беше објавен навремено во август 2018 година. Објавата на нацрт законот не предизвика дебата помеѓу стручната јавност односно нацртот немаше ниту еден коментар објавен на ЕНЕР. |
| 6. Доставување на предлог Закон до Влада на РСМ. | Јуни 2018 | Предлог Законот за управните спорови сеуште не е доставен во Владата на Република Македонија |
| 7. Усвојување на Предлог законот од Владата на РСМ | Јули 2018 | Се доцни со усвојувањето на Предлог Законот за управните спорови од причина што истиот требаше да биде усвоен под страна на Владата на Република Северна Македонија во периодот јули/август 2018 година.<br><br>Владата го поднесе Предлог Законот за управните спорови до Собранието во декември 2018 со европско знаменце. |

| | | |
|---|---|---|
| 8. Донесување на законот од Собранието на РСМ | Септември 2018 година<br><br>Февруари/Март 2019 година | Се доцни со усвојувањето на Предлог Законот за управните спорови од страна на Собранието на Република Северна Македонија од причина што истиот требаше да биде усвоен од страна на Владата на Република Македонија во периодот септември 2018 година.<br><br>На 6 февруари Предлог Законот за управните спорови ја помина фазата на прво читање во Собранието на РСМ. На 4 март Предлог Законот за управните спорови беше во фаза на второ читање. По доставените и изгласани амандмани, законот беше изгласан со двотретинско мнозинство на пратеници. |
| 9. Потпишување на указот за прогласување на законот | Мај 2019 година | Законот за управните спорови ќе стапи на сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува една година од денот на влегувањето во сила. |

Законот за управни спорови беше вратен во Собрание без да биде потпишан од Претседателот Ѓорѓе Иванов. Поради распишаните претседателски избори Собранието немаше закажано седници. Новиот Претседател на РСМ Стево Пендаровски на 17.05.2019 го потпиша указот за прогласување на Законот за управни спорови. Со новиот Закон за управните спорови граѓаните добиваат ефикасна правна заштита на своите права во управните спорови. Се зголемува транспарентноста и јавноста на постапките преку задолжителна јавна расправа.

## 14. Закон за прекршоците

**Стратешка насока:** **5.3.1 Намалување на прекршочните глоби**

**Мерка:** 5.3.1 – 1 Утврдување на точен распон на висината на прекршочните глоби во ЗП со ограничена можност со материјални закони да се утврди повисока прекршочна глоба

**Рок на постапување: Септември 2018**

| Планирани активности: | Планиран рок: | Статус на спроведувањето на активностите: |
|---|---|---|
| 1. Формирање на работна група за подготовка на Законот за прекршоците со учество на претставници од Кривичен суд, Управниот суд, Вишиот управен суд, Апелацискиот суд Скопје, Врховен суд на РСМ, МИОА и научна јавност | Завршено | Работната група која работеше на предлог текст на Законот за прекршоците беше формирана во април 2018 година. Во работната група учествуваа претставници од наведените засегнати страни. |
| 2. Вградување на релевантните мислења и препораки | Април 2018 | Во периодот Септември-Ноември 2018 година целосно спроведено во рамки на работата на работната група |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Подготовка на нацрт Закон за прекршоците | Мај 2018 година | Работната група изработи нацрт Закон за прекршоците во периодот април/јули 2018 година. Со предлог законот се адресираат следниве проблеми: редуцирање на висината на прекршочните санкции и нивно ограничување, намалување на периодот на застареност на прекршочното гонење и прекршочните снакции, зголемување на надлежноста на редовните судови во прекршочната постапка, и други. |
| 4. Запознавање на јавноста со предложеното законско решение (објава на ЕНЕР) | Јуни 2018 година | Нацрт Законот беше објавен навремено во јули 2018 година |
| 5. Финализирање на Предлог Законот за прекршоците | Јуни 2018 година | До Ноември 2018 година предлогот е усогласен со наодите и препораките на Извештајот на оценската мисија за административна правда на Европската комисија |
| 6. Доставување на предлог Закон до Влада на РСМ. | Јуни 2018 година | Предлог Законот за прекршоците сеуште не е доставен во Владата на Република Северна Македонија |
| 7. Усвојување на Предлог законот од Владата на РСМ | Јули 2018 година | Се доцни со усвојувањето на Предлог Законот за управните спорови од причина што истиот требаше да биде усвоен под страна на Владата на Република Македонија во периодот јули/август 2018 година |
| 8. Донесување на законот од Собранието на РСМ | Септември 2018 година<br><br>Февруари/Март 2019 година | Се доцни со усвојувањето на Предлог Законот за прекршоците од страна на Собранието на Република Северна Македонија од причина што истиот требаше да биде усвоен под страна на Владата на Република Македонија во периодот септември 2018 година.<br><br>На 7 февруари Предлог Законот за прекршоци беше во фаза на прво читање. Втората фаза на читање на законот се одржа на 4 март 2019 година. По доставените и изгласани амандмани, законот беше изгласан со двотретинско мнозинство на пратеници. |
| 9. Потпишување на указот за прогласување на законот | Мај 2019 година | Законот за прекршоци влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен одредбите на член 70 од овој закон кои ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2020 година. |

Законот за прекршоци, заедно со другите системски закони за правосудството беше вратен во Собрание без да биде потпишан од Претседателот Ѓорѓе Иванов. Поради распишаните претседателски избори Собранието немаше закажано седници. Новиот Претседател на РСМ Стево Пендаровски на 17.05.2019 го потпиша указот за прогласување на Законот прекрошоци. Новиот Закон за прекршоци предвидува намалување на санкциите за физичките и правните лица, како и изрекување на опомена ако прекршокот е сторен за прв пат.